# Енергија

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

*Број 16 • Година VI • август 2013 година*



# ОЗНАЧЕН ПОЧЕТОКОТ НА ИЗГРАДБАТА НА ПВЕ „БОГДАНЦИ“







НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ СЛОВЕНИЈА И МАКЕДОНИЈА

# СЛОВЕНЕЧКИ МЕТОДИ ЗА ЈАМСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕНОТ



Генералниот директор на АД „Електрани на Македонија" Дејан Бошковски и претседателот на Управниот одбор на рудникот „Премоговник Велење" Милан Медвед во Велење, Словенија потпишаа Меморандум за соработка во областа на образованието и обука на стручен кадар. Според документот, АД ЕЛЕМ ќе има можност практично да обучува кадри од областа на рударството и техничките науки со методите за јамска експлоатација на јагленот. „Импресиониран сум од рудникот Велење и неговото функционирање. Со менаџерскиот тим на рудникот „Премоговник Велење" имаме успешна деловна соработка во неколку проекти. Сметам дека нашите рударски инженери ќе имаат одлична можност, во Велење да ги научат најсовремените техники за подземна експлоатација на јагленот" изјави генералниот директор на АД ЕЛЕМ, Дејан Бошковски, по потпишување на Меморандумот за соработка. -Според управата на словенечкиот рудник за јаглен, македонскиот пазар е интересен затоа што забрзано се инвестира во нова технологија за експлоатација на јагленот, клучниот енергенс за идните децении- рече Медвед. АД ЕЛЕМ и словенечкиот рудник „Премоговник Велење" веќе воспостави соработка за време на изведбата на геолошки и геотехнички доистражувања на јагленовото наоѓалиште Мариово во 2009 година. Изработен е и техничко-економски елаборат врз основа на изработени и ревидирани елаборати од извршените истражувања и испитувања на јагленовото наоѓалиште Мариово. Изготвен е и главен рударски проект за отворање, разработка и експлоатација на јагленот од наоѓалиштето Мариово со јамска експлоатација. -Во рудникот имаме знаење, искуство, најсовремена опрема и сопствен „знам-како" систем. Со тоа ни се отвораат нови можности за соработка со Македонија, како во областа на проектирање, така и во областа на образование и изработка на јамски копови. Со претставниците од АД ЕЛЕМ се договоривме дека наскоро во Велење ќе организираме обуки за инженери во нашиот капацитет – изјави Милан Медвед, претседател на Управниот одбор на рудникот „Премоговник Велење". Исто така, во текот на 2012 година, беше вклучен стручен проектантски тим во време на изведба на геолошки и геотехнички доистражувања на јагленовото наоѓалиште Живојно. По изработката и ревидирањето на елаборатите од извршените истражувања и испитувања на јагленовото наоѓалиште Живојно, подготвен е техничко-економски елаборат за јагленот од Живојно. Рудникот „Премоговник Велење" е отворен пред 137 години, од него се ископани над 220 милиони тони јаглен-лигнит. Методот на експлоатација на јагленот во рудникот „Велење" е патентиран и познат како „Велењски метод на откоп" и тој се применува речиси на сите континенти. Специфичноста во методот е контролирано и ефикасно подземно ископување преку главниот верижен транспортер што овозможува големо производство на овој енергенс. Делегацијата на АД ЕЛЕМ предводена од генералниот директор Дејан Бошковски која при работната посета во Словенија ја придружуваше и деканот на Факултетот за природни и технички науки Зоран Панов при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, ги посети јамите на рудникот Велење и непосредно се запозна со начинот на експлоатација на јагленот од овој капацитет.

Енергија

Весник на
„Електрани на Македонија“
Главен и одговорен уредник:
Мирче Котевски

Редакција на весникот:
Катерина Лазаровска
Весна Муловска
Борче Илиевски
Јован Колевски

Телефони на редакцијата:
++389 (0)2 3 149 102
++389 (0)2 3 149 244
++389 (0)47 206 247

e-mail:mirce.kotevski@elem.com.mk
jovan.kolevski@elem.com.mk

Уредува и печати:
Европа 92 дооел - Кочани



# ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА СО ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ОД ШТИП И МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ОД СКОПЈЕ




Генералниот директор на АД ЕЛЕМ, Дејан Бошковски, деканот на Машинскиот факултет, Атанас Кочов, деканот на Факултетот за природни и технички науки од Штип, Зоран Панов потпишаа Меморандум за соработка и договор за практична настава. Главните области предвидени во Меморандумот за соработка се: работа на развојно-истражувачки проекти, работа на апликативни проекти и консултативни активности со посебен акцент на едукативните активности. Посебен акцент во меѓусебната соработка ќе се стави на развојот на едукативните активности, што ќе се реализираат преку континуирано образование на инженерско – техничкиот кадар, со стипендирање студенти и постдипломци и со обезбедување студентска пракса за студенти – стипендисти и останати студенти запишани на Машинскиот факултет во Скопје и на Факултетот за природни и технички науки во Штип во работните единици на АД ЕЛЕМ. „Меморандумот за соработка со Факултетот за природни и технички науки од Штип и Машинскиот факултет од Скопје е исклучително важен документ, што ќе ја подигне соработката на повисоко ниво“, рече генералниот директор на АД „Електрани на Македонија“ Дејан Бошковски. Овој Меморандум е поттикнувачки и ќе ги даде само рамките од кои треба да произлезат други документи. Од една страна, ќе им овозможиме на студентите и постдипломците комплетен увид во она што ќе биде нивна идна професија, преку организирање семинари, работилници, различни проекти, студентска пракса, како и додипломски, магистерски и докторски студии и различни теми од областа на енергетиката, машинството и рударството. Од друга страна пак, етаблирани експерти од Факултетите ќе добијат можност да ги советуваат нашите стручни кадри за одредени проблеми и за воведување модерни технологии во секојдневното работење“, рече генералниот директор на АД ЕЛЕМ, Дејан Бошковски. Деканот на Машинскиот факултет проф. д-р Атанас Кочов истакна дека му претставува огромна чест и задоволство што АД ЕЛЕМ активно ќе стипендира студенти од најстариот технички факултет во Македонија. „Овој Меморандум е само продолжение на успешната соработка меѓу АД ЕЛЕМ и Машинскиот факултет. Искрено се надевам дека покрај стипендирањето на студентите АД ЕЛЕМ ќе им овозможи и практична настава, со цел да имаат можност да согледуваат реални ситуации во работењето на компанијата. Се надевам дека ваквиот пример ќе го следат и останатите компании во Македонија“, истакна Атанас Кочов. Деканот на Факултетот за природни и технички науки од Штип проф. д-р Зоран Панов изрази голема благодарност за можноста која што АД ЕЛЕМ им ја нуди на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. „Се надевам дека поддршката ќе биде на сите нивоа. На овој начин АД ЕЛЕМ ги стипендира кадрите кои во иднина ќе бидат столбови на енергетскиот систем на Македонија“, рече Панов.



АД „Електрани на Македонија“ со потпишување на Меморандумот за соработка со Машинскиот факултет од Скопје и Факултетот за природни и технички науки од Штип потврди дека претставува општествено одговорна компанија, што ги следи, активно учествува и ги помага сите научно-образовни и технолошки достигнувања во делокругот на својата работа.

К.Л.

# ДОДЕЛЕНИ СТИПЕНДИИТЕ НА НАЈУСПЕШНИТЕ СТУДЕНТИ ОД **ФЕИТ**




Петнаесет студенти на електроенергетските насоки на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), десет месеци, ќе добиваат стипендија од по 6000 денари обезбедена од АД „Електрани на Македонија“, АД МЕПСО и ЕВН Македонија. Претставниците на енергетските компании врачија по пет стипендии за најдобрите студенти од ФЕИТ кои ќе бидат стипендирани до крајот на студиите, доколку ја задржат минималната просечна оценка од 8.0. Со овој потег кој се очекува да биде востановена практика и во иднина, трите компании заеднички ќе дадат свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и на квалитетни кадри од областа на енергетиката, и воедно ќе им се даде стимул на идните студенти за запишување на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Во рамките на овој проект, АД ЕЛЕМ како компанија чии општествено одговорни практики се дел од нејзиното корпоративно портфолио ќе партиципира со стипендирање на пет студенти. Можност да аплицираат, имаа студентите запишани во прва година на студиските програми: **Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ), Електроенергетски системи (ЕЕС) и Електроенергетика, управување и менаџмент (ЕЕУМ)**. Стипендијата е во висина од 6.000 денари месечно и важи 10 месеци, со можност за продолжување. Генералниот директор на АД „Електрани на Македонија“ Дејан Бошковски, кој во име на АД ЕЛЕМ ги додели стипендиите на избраните студенти, го потенцираше значењето на компанијата како стожер на електроенергетскиот систем во нашата земја, како и важноста во неа да се ангажираат квалитетни стручни кадри. -Студентите од Факултетот за електротехника и информатички технологии ги гледаме како наши идни колеги и менаџери, кои во иднина со своето знаење ќе работат на унапредување на енергетиката, како најважен фактор и основа за економскиот развој на државата. Резултатот е повеќе од очигледен, секоја година значително се зголемува бројот на запишани студенти на насоките за енергетика. АД ЕЛЕМ втора година, доделува стипендии на студенти од ФЕИТ, за да ги поттикне младите да се образуваат и усовршуваат во енергетскиот сектор - рече Бошковски. Годинава АД ЕЛЕМ додели 5 стипендии, а ги продолжи и стипендиите на студентите од минатата година. Студентите ќе имаат можност да стекнат и практично искуство во компанијата. Бројот на стипендирани студенти, годинава, е поголем од лани. Исто така, оваа година, студентите покажаа многу повисок просечен успех на положените испити. -Благодарејќи на нашата иницијатива, залагањето на трите компании од енергетската област и секако, кампањата на Владата за студирање на техничките науки, бројот на запишани студенти на електроенергетските насоки постојано се зголемува. Пред две години бројот на запишани студенти беше околу 30. Првата година со стипендии се зголеми на 60, а минатата година се запишаа над 105 студенти-истакна деканот на ФЕИТ, проф. д-р Миле Станковски.

К. Л.

# УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА **ИСО СТАНДАРДИТЕ**

*Сите сертификати се почеток на нов успех и напредок. Со нив докажуваме дека ЕЛЕМ работи според најновите меѓународни стандарди*

Воведувањето на меѓународните системи за управување со квалитет и систем за управување со животната средина се уште една потврда дека компанијата работи според најновите корпоративни светски стандарди. Меѓународниот сертификат за управување со квалитет ИСО 9001:2008 АД ЕЛЕМ го доби во јуни 2010 година. Сертификатот е со важност од три години,а по истекот на секоја трета година следи ресертификација. Оваа година се изврши првата ресертификација дали системот за контрола на квалитет се применува, односно дали се работи во согласност со пропишаните процедури. Контролата ја изврши меѓународната акредитирана сертификациска куќа „СГС Београд", подружница на швајцарската компанија СГС.-Контролата потврди дека системот за управување со квалитет ИСО 9001:2008 успешно се спроведува во нашата компанија. Ресертификацијата покажа дека нема потреба од корективни мерки, немаше неусогласености и дека во целост се спроведува политиката за квалитет-ни рече нашиот колега Александар Стоилков, член на работната група за имплементацијата на ИСО стандардите.АД ЕЛЕМ како компанија од стратешко значење целосно ја спроведува политиката за квалитет, како дел од определбата за успешно работење, со мали препораки за уште поголем квалитет. Оваа потврда ни дава мотив и понатаму да продолжиме да работиме на нови сертификати. Изминатиот период се направи и првата контрола на меѓународниот сертификат за заштита на животната средина ИСО 14001:2004, најважната проверка дали стандардот се спроведува доследно. -Проверката ја потврди валидноста на ИСО 14001: 2004, на меѓународниот стандард за заштита на животната средина и управување со отпад, што е уште еден доказ дека компанијата работи според најновите корпоративни светски стандарди и во своето секојдневно функционирање посветува огромно внимание на заштитата на животната средина. Постапката за воведување на системот за управување со животна средина во АД ЕЛЕМ, започна во 2011 година, а сертификатот го добивме минатата година-истакна нашиот колега Стоилков. И овој сертификат е потврда за одлучноста на менаџерскиот тим на


SGS

Сертификат CH10/0767.00

АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје

АД ЕЛЕМ - Скопје

ISO 9001:2008

Производство на електрична и топлинска енергија, дистрибуција и снабдување на електрична и топлинска енергија.

Сертификатот е валиден од 1. јуни 2013. до 31. мај 2016.

АД ЕЛЕМ, но и на сите вработени целосно да ја модернизираат компанијата и да ја прилагодат нејзината работа во согласност со строгите меѓународни стандарди. Наша цел е и во иднина да продолжиме да работиме на нови сертификати. ЕЛЕМ како општествено одговорна компанија со висока заложба за имплементирање на ИСО-стандардите во работењето, во моментов работи и на имплементација на систем за здравје и безбедност при работа OHSAS 18001:2007. Проектот е во почетна фаза, распишан е тендер за избор на консултант за имплементација на системот за здравје и безбедност при работа.Стандардите од меѓународна сертификациска куќа се многу важни за нашата компанија. Со нив докажуваме дека ЕЛЕМ работи според најновите меѓународни стандарди. Сите сертификати се почеток на нов успех и напредок. Секој нов сертификат е предизвик за АД ЕЛЕМ, бидејќи треба да го потврди, да го задржи и да продолжи по истиот пат со реализација на следните сертификати.

К. Л.

# ПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА **ПВЕ „БОГДАНЦИ“**

*Со изградбата на вакви паркови на ветерници, македонското стопанство ќе добие сигурен, обновлив, незагадувачки и долгорочен извор на енергија*



Со поставување камен-темелник и официјално е означен почетокот на изградбата на паркот на ветерни електрани „Богданци“. Овој прв од ваков тип капацитет во земјава ќе обезбеди чиста енергија од обновлив извор, користејќи го ветерот како погонска сила. Проектот се очекува да профункционира за неколку месеци. Во првата фаза е предвидено да има 16 ветерници, моќност од 36,8 мегават-часови и годишно производство од 100 гигават-часови ветерна енергија. Ќе снабдува 15.000 домаќинства или вкупно 60.000 граѓани. - Со почетокот на овој проект почнуваме ново поглавје во енергетската стратегија и портфолио на Република Македонија. Ваквата тенденција е неминовно потребна ако се имаат предвид високите цени на нафтата како енергенс, ограниченоста на природните енергетски суровини и делумно искористениот хидропотенцијал во земјава, истакна претседателот на Владата на Република Македонија г.Никола Груевски. Со изградбата на вакви паркови на ветерници, додаде, македонското стопанство ќе добие сигурен, обновлив, незагадувачки и долгорочен извор на енергија. Груевски напомена дека развојот на енергетскиот сектор е еден од основните двигатели на економскиот развој на секоја земја. Само државите кои долгорочно го имаат решено прашањето за снабдување со енергија, на ова поле се економски независни. - Владата преку државните енергетски компании постојано инвестира и работи на осовременување на системот на енергетска поврзаност, потрага по нови и обновливи извори на енергија, изградба на нови енергетски капацитети, како и на надградба и модернизација на постоечките, подвлече премиерот. Според генералниот







директор на ЕЛЕМ г.Дејан Бошковски, турбините што ќе бидат вградени во ветерниот парк се меѓу најдобрите во својата класа. Инсталираната моќност на секоја од нив е 2,3 мегавати, висината на столбот изнесува 84 метри, а дијаметарот на елисата 93 метри. - Монтажата на овие ветерници ќе обезбеди вкупна инсталирана моќност од 36,8 мегавати со што ќе се заокружи првата фаза од изградбата на паркот. Локацијата нуди можност во иднина да се постават дополнителни ветерни турбини кои би го заокружиле проектот со инсталирана моќност до 50 мегавати, рече Бошковски. Моментно се работи на изведба на потребната инфраструктура и на придружните објекти преку договор со конзорциумот „Терна Сименс“ за изведба на патна инфраструктура, приклучен далековод, командна зграда и 20/110 киловолтна трафостаница. Почната е и подготовката на фундаментите на конкретните локации планирани за подигнување на ветерниците, како и проширување на трафостаницата „Валандово“ за поврзување на паркот на електроенергетскиот систем. На поставувањето камен - темелник присуствуваше и германската амбасадорка н.е. Гудрун Штајнакер која во обраќањето изрази убедување дека од овој ветерен парк ќе произнесе значајна развојна енергетско-политичка порака. - Преку овој проект заеднички ќе докажеме дека ветерната енергија е реална опција во Македонија и дека може да се надминат сите логистички и регулаторни предизвици, рече Штајнакер. Паркот на ветерници што го реализира ЕЛЕМ, потенцира амбасадорката, јасно покажува колку е ефикасна соработката меѓу Македонија и Германија. Дел од средствата за изградба на ветерниот парк „Богданци“ се обезбедени преку кредит од германската КфВ банка потпишан во април минатата година. За проектот чија вредност е 55,5 милиони евра КфВ обезбеди 47,9 милиони евра, а останатите 7,6 милиони се сопствени средства на АД ЕЛЕМ. Согласно утврдената динамика, се очекува пристигнувањето на првите турбини и нивната монтажа, а во последниот квартал од годинава паркот ќе




влезе во електроенергетскиот систем на Македонија и ќе почне со производство на електрична енергија.



# ДЕЛ ОД ХИДРОЕЛЕКТРАНИТЕ ВЕЌЕ ГО ИСПОЛНИЈА ГОДИШНИОТ **ПРОИЗВОДСТВЕН ПЛАН**

*ХЕЦ „Шпиље“ до јули испорача над 270 милиони киловат-часови електрична енергија*



Благодарение на исключително поволната хидрологија на дебарското сливно подрачје, кое го сочинуваат реките Радика и Црн Дрим, максималната подготвеност на електромашинската опрема, оптимизацијата и добрата координација меѓу хидро и термокапацитетите, ХЕЦ „Шпиље“ веќе го реализира годишниот производствен план.

Во изминатиот период од годинава се произведени над 272 милиони киловат-часови електрична енергија, што до затворањето на весникот претставува натфрлање на производството за 8 % во однос на годишниот план кој изнесува 252 милиони киловат-часови.

Во меѓувреме продолжуваат активностите за ревитализацијата на браната на ХЕЦ „Шпиље“,висока 103 метри, во рамките на втората фаза од ревитализацијата на хидроцентралите Вруток, Равен, Врбен, Шпиље, Глобочица и Тиквеш, која ќе чини 38,3 милиони евра. За таа цел „Електрани на Македонија“ обезбеди 27,1 милиони преку заем од германска КфВ банка, а 11,2 милиони се нејзини пари.

Втората фаза од ревитализацијата предвидува замена на застарената и истрошена хидромеханичка, машинска и електроопрема, интервенции во градежниот дел на хидроцентралите и нивните придружни објекти, инсталирање дополнителна опрема во делот за автоматизација на процесот на производство на електрична енергија и за набљудување на стабилноста и на сигурноста на браните.

Ревитализацијата нема да значи само класично зголемување на производството на електрична енергија, туку ќе го подобри и управувањето на целиот систем и ќе го скрати времето за ремонтни активности и за отстранување на евентуалните дефекти. Тоа ќе овозможи да нема застои при ремонтните активности или при хаварија и поголем испад. Првата фаза од ревитализацијата на шесте хидроцентрали, кога беа заменети турбините, е завршена во периодот од 2001 до 2003 година.



## ХЕЦ „ТИКВЕШ“ ГО ИСПОЛНИ ПЛАНОТ ВО ПРВАТА ДЕКАДА НА МАЈ

Согласно планот во енергетскиот биланс, ХЕЦ „Тиквеш“ годинава требаше да испорача 132.730 милиони киловат-часови електрична енергија, резултат што овој капацитет го постигна во првата декада на мај. Хидроелектраната е во солидна кондиција и работи во согласност со потребите на системот. До затворањето на весникот ХЕЦ „Тиквеш“ произведе над 161 милион киловат-часови што значи натфрлање за повеќе од 21%.

# НАСКОРО ЗАПОЧНУВА ИЗГРАДБАТА НА **ХЕ „БОШКОВ МОСТ“**



Хидроелектраната „Бошков мост“ ќе почне да се гради кон крајот на годинава или евентуално на почетокот од 2014 година, истакна генералниот директор на АД „Електрани на Македонија“, Дејан Бошковски при посетата на ХЕС „Маврово“.

Во април ги добивме финансиските понуди за главата на електромашинската опрема, а во тек е прибирање на финансиските понуди за двата лота за изведување на градежните работи. „Очекуваме кон крајот на третиот квартал да ги потпишеме договорите за изведување на работите и во зависност од теренските и подготвителните активности на компаниите, кон крајот на годинава или на почетокот на наредната треба да почнат конкретните градежни активности за изведба на проектот „Бошков мост“, рече Бошковски. Во завршна фаза е и физибилити студијата за ХЕ „Луково Поле“ која има огромно значење за зафатот и опфатот на водите од Мавровскиот регион. Во тек е изработка на еколошка студија, а кон крајот на мај треба да дојдат и претставници на Светска банка за да направат ревизија на студијата и да го потврдат своето учество во проектот. „Првичните податоци за еколошката студија укажуваат дека нема никакви проблеми. Водите што ќе се зафатат со проектот ’Луково Поле’ ќе имаат годишно производство од 156 гигават- часови електрична енергија што е еднакво на годишното производство на ХЕ ’Козјак’, истакна генералниот директор на ЕЛЕМ. “Бошков мост“, со предвидена инсталирана моќност од 68 мегавати, со неговото пуштање во функција, планирано за 2016 година, треба на земјава да ѝ обезбеди 117 гигават-часови електрична енергија. ХЕ “Луково Поле“, исто така според плановите, би требало да почне да произведува струја до крајот на оваа деценија. Оваа хидроелектрана би требало на Македонија да ѝ обезбедува годишно производство од 160 гигават-часови.

ЕЛЕМ НА НАЈГОЛЕМИОТ САЕМ ЗА ЕНЕРГЕТИКА „ПАУЕР ЏЕН 2013“ ВИЕНА

# ПРЕПОЗНАТЛИВИ И МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ ЕНЕРГЕТСКИ КОМПАНИИ




АД „Електрани на Македонија“ по трет пат со свој штанд се претстави на најголемиот европски саем за енергетика „Пауер Џен“, што од 4-6 јуни годинава, се одржа во Виена, Австрија. Нашата компанија и оваа година беше препознатлива на саемот за енергетика во Виена во делот на обновливите извори и имаше многу посетители. Пред потенцијалните партнери и инвеститори, стручен тим на ЕЛЕМ ги претстави потенцијалните и енергетските можности на Република Македонија. На саемот ги претставивме проектите кои се веќе во реализација или за кои се почнати подготвителни активности, а тоа се ветерниот парк „Богданци“, електраната „Бошков мост“ и браната „Луково Поле“. Со 3Д-анимации беа презентирани и развојните енергетски проекти за „Вардарска долина“ и хидросистемот на електрани „Чебрен“ и „Галиште“. Како што истакна генералниот директор на ЕЛЕМ, Дејан Бошковски, оваа манифестација е од големо значење не само за ЕЛЕМ, туку и за Македонија бидејќи на овој начин се воспоставуваат контакти со сите компании од оваа област. - Со некои од нив веќе соработуваме, разменуваме искуства, технологии, нови знаења. На овој начин ги поттикнуваме компаниите да учествуваат на нашите проекти со заедничко учество како набавувачи на опрема, во монтажата, а секако и заеднички да ги градиме нашите хидроцентрали - рече Бошковски. Саемот, на кој учествуваат компании од сите континенти, повеќе од една деценија е место на коешто се собираат сите релевантни, односно значајни производители на енергија, како и компании што произведуваат опрема и ресурси од об-





ласта на енергетиката. Ова е трето учество на АД ЕЛЕМ на „Пауер Цен Европа“, во саемскиот дел за промоција на обновливи извори на енергија. Пред две години во Милано и лани во Келн, штандот на единствената македонска компанија што досега излагала на најголемиот саем за енергетика го посетија голем број посетители и се воспостави комуникација со најголемите компании. Според Хедер Џонстон од „Пауер Цен Европа“, и покрај кризата, на саемот учествуваат над 650 компании. - Годинава саемот се организира во Виена пред се` со цел да се привлечат и земјите од Југоисточна Европа и од Балканот, онака како што тоа веќе три години по ред го прават „Електрани на Македонија“ - рече Џонстон. „Пауер Цен Европа“, не само што е најголемиот европски саем за енергетика, туку поради неговата атрактивност е светски собир на сите што значат нешто во енергетиката. Во Виена се остварени средби со повеќе компании кои се веќе присутни во Македонија, како и со фирми кои би сакале да бидат присутни кај нас. АД ЕЛЕМ е веќе препознатлива како дел од семејството на Пауер Цен, што е многу важно за нашата компанија и воопшто за развојот на енергетиката во Македонија.

## КОНЦЕРТ БЕЗ СТРУЈА

И оваа година македонскиот музичар и светски познат перкусионист Зоран Маџиров ги бранеше боите на Македонија во Виена заедно со АД ЕЛЕМ, и со неговата музика направи концерт без струја. Со неговата изведба на познати класични музички дела на шишиња привлече многу посетители на нашиот штанд.



# ПРОДОЛЖУВА РЕВИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ - **ВТОРА ФАЗА**

*Со ревитализацијата се предвидува продолжување на животниот век на постојните хидроелектрани и на нивните придружни градежни објекти, зголемување на сигурноста и доверливоста за производство на електрична енергија, зголемување на инсталираната моќност од 18,1 MW и дополнително годишно производство од околу 50 GWh електрична енергија за македонските потрошувачи*

Паралелно со активностите за изградба на нови капацитети, АД „Електрани на Македонија" продолжува со реализацијата на проектот за ревитализација и модернизација на шест хидроелектрани - втора фаза. Со потпишувањето на договорот за заем во ноември 2010 година помеѓу германската КфВ банка и ЕЛЕМ отпочнати се активностите за реализација на серија зафати во хидроелектраните Вруток, Равен, Врбен, Шпиље, Глобочица и Тиквеш. Проектот чини 32,8 милиони евра, од кои 27,1 милиони евра се заем од КфВ банка, додека останатите 5,7 милиони евра се сопствени средства на АД ЕЛЕМ. Со ревитализацијата се предвидува продолжување на животниот век на постојните хидроелектрани и на нивните придружни градежни објекти, зголемување на сигурноста и доверливоста за производство на електрична енергија, зголемување на инсталираната моќност од 18,1 MW и дополнително годишно производство од околу 50 GWh електрична енергија за македонските потрошувачи. Со проектот „Ревитализација на шесте ХЕЦ - Втора фаза" се предвидува замена на застарената истрошена хидромеханичка, машинска и електроопрема и интервенции во градежниот дел кај хидроелектраните и нивните придружни објекти. Освен замена на старата, дотраена и нефункционална опрема, во рамките на реализација на проектот ќе се инсталира дополнителна опрема особено во делот на автоматизација на процесот на производство на електрична енергија, како и инсталација на дополнителна опрема за оскултација и набљудување на состојбата на стабилноста и сигурноста на браните и нејзините придружни објекти. На проектот, за различни позиции се ангажирани реномирани компании од Австрија, Германија, Италија, Словенија и Македонија. Со втората фаза од ревитализацијата на 6-те ХЕЦ, значително ќе се подобрат производствените перформанси на хидроелектраните, ќе се зголеми производствениот капацитет на ХЕ „Вруток" од 168 MVA на 184 MVA, ќе се подобри ефикасноста, ќе се намалат загубите,а ќе има и заштеди во трошоците за одржување. Австриската компанија „Андритз Хидро" ќе работи на замена и зголемување на моќноста на четирите генератори во ХЕ„Вруток", потоа на замена на високонапонските кабли, како и на замена на системите за подмачкување во ХЕ „Равен". Словенечката „ЕТРА Колектор", пак, ќе изврши замена на шест енергетски трансформатори во ХЕ„Вруток" и замена на три енергетски трансформатори во ХЕ„Равен". Ревитализацијата и модернизацијата на топчестите затворачи и воздушните вентили, пеперуткастите затворачи на излез во ХЕ „Врбен", се содржани во овој проект, а зафатите ги изведува „Литострој". Реконструкцијата на таблестите затворачи во системот ХЕС „Маврово" го врши „Искра Импулс" од Словенија, а замена на уредите за чистење на решетките ќе изврши германската компанија „МУХР". Придобивките од реконструкцијата на топчестите затворачи се во делот на сигурност на системот:подобрување на пристапот на манипулација, елиминирање на чести застои и интервенции, намалување на времето потребно за ремонт и долг застој на агрегатите. Зголемениот проток што поминува низ агрегатите од 9 м3/с што е дефиниран со реконструкција на генераторите, ќе овозможи зголемена моќност од 37.5 на 41.4 MW. Ре-



# МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА ШЕСТЕ



конструкцијата на таблестите затворачи ќе овозможи поголема сигурност при ремонтни работи на хидромеханичката опрема на доводните органи, сигурност при преглед на доводните тунели, намалување на загубите на вода и зголемено производство, намалени трошоци за одржување и намалување на времето за редовни ремонтни активности. Исто така, новиот зафат ќе придонесе за заштеда на вода во акумулацијата при изведување на ремонтните активности. Со замена на таблестите затворачи ќе се овозможи изведување на работи во ХЕ „Равен“ без целосен застој на агрегатите во ХЕ „Вруток“. Реконструкцијата на уредите за чистење на решетките е континуирана и безбедна работа и значи и минимизирање на преливната вода. Со новото конструктивно решение ќе се овозможи ефикасно чистење на решетките, намалување на загубите на вода поради наталожени материјали и намалување на времето на застој на работата на агрегатите во периодот на големи дотоци. АД ЕЛЕМ во рамките на проектот „Ревитализација на шест хидроелектрани - втора фаза“, потпиша договори за ревитализација и модернизација на доводот Горна Радика – Речки канал, Санација на доводот – Шарски води и надвишување на браната Леуново, со домашната компанија БЕТОН АД–Скопје. Со реконструкцијата на Речки канал се зголемува капацитетот за 4 м3/с, ќе се создаде можност за дополнително производство на електрична енергија од 18 GWh. Исто така, ќе се овозможи зафаќање на преливните води и оптимално балансирање на водниот капацитет на зафатите Штировица и Црн Камен. Реализацијата на овој зафат ќе ги намали трошоците и времето за редовни ремонтни активности и ќе придонесе во заштеда на вода во акумулациите при изведување на ремонтните активности. Зголемена ќе биде и сигурноста на каналот за следните 50 години експлоатација, а ќе се минимизираат и ризиците од потенцијално лизгање на земјиштето. Со реконструкцијата на доводот „Шарски води“ ќе се минимизираат загубите на вода, ќе се елеминираат потенцијалните критични места од евентуално лизгање на земјиштето во должина од 64 км, колку што изнесува должината каналот. Со тоа ќе се заштити локалното население од потенцијални ризици. Со овој зафат се намалуваат трошоците и се скратува времето потребно за редовни ремонтни активности. Ревитализацијата предвидува и надградба на браната Леуново во висина од 2.5 метри, што во пракса претставува зголемување на нивото на акумулација, а со тоа и зголемување на производството на електрична енергија од мавровските хидроелектрани за 50 GWh. Овој зафат ќе влијае и на балансирање на системот со расположива резерва во вода и прифаќање на дополнителни количини вода со изградбата на акумулацијата Луково Поле. Реализацијата на проектот „Ревитализација на шесте хидроелектрани-Втора фаза“ треба да заврши до 2014 година.

К. Л.





# ТОПЛИФИКАЦИЈА НА БИТОЛА, НОВАЦИ И МОГИЛА

-Проектот за обезбедување на топлинска енергија за греење на општините Битола, Новаци и Могила од термоелектраната „Битола" влегува во фаза на избор на најповолен изведувач на тендерот што заврши овој месец- изјави инженер Маргарита Стојанова, управител на ДООЕЛ ЕЛЕМ „Топлификација".

Во претходниот период, беше објавена проектната задача за инфраструктура и основен проект за вреловодот и секундарната мрежа низ Битола, Новаци и Логоварди, како и за пропратните објекти, локални пумпно – топлински станици и главна препумпно–топлинска станица на влез во Битола, што потоа беше објавена на технички дијалог. Истовремено беше разгледана проектната задача и подлогите за објавување на јавната набавка за проектите потребни за вреловодната станица во РЕК „Битола", со можностите за техничката изводливост, просторниот и техничко – технолошкиот концепт на вреловодната станица во рамките на термоелектраната, како и актуелните параметри што ќе се користат како влезни податоци за проектирање на истата. За таа цел беше формирана работна група со задача да даде насоки во понатамошното проектирање и изведба на вреловодната станица во РЕК „Битола" која треба да биде во согласност со постоечките техничко–технолошки можности на термоелектраната, односно да не се наруши нејзината примарна работа. Во овој контекст беше разгледана и потребата од обука на стручен кадар во иднина, кој ќе ракува и ќе ја контролира работата на блоковите и вреловодната станица, без да се наруши производството на електрична енергија и производството на топлина- истакна Стојанова. Претходно, за време на извршувањето на ремонтните зафати на блок 3 на термоелектраната, беше монтирана дел од опремата за реализација на овој проект, додека останатата опрема се планира да биде монтирана во некој од ремонтните зафати на блоковите во наредниот период. Според изработената техничко-економска студија, реализацијата на целокупниот проект ќе се одвива во повеќе фази. Инвестицијата се проценува на околу 11 милиони евра за производство на топлинска енергија, без трошоци за проектирање и изведба на магистрални топловоди и дистрибутивна мрежа. Вкупната вредност на проектот се очекува да достигне околу 40 милиони евра.

J.K.

СОГЛАСНО ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЕЛЕМ

# ДВОДНЕВНА ОБУКА НА УНИВЕРЗАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО РЕК„ БИТОЛА"



Во подружницата РЕК „Битола", во согласност со оперативниот план за обука, заштита и спасување на вработените на АД ЕЛЕМ за 2013 година, се одржани две основни обуки на универзалните единици во Комбинатот, а инструктори на обуката беа Жаклина Георгиева од Дирекцијата на АД ЕЛЕМ, командирот на Службата за ППЗ Ѓорѓи Митревски од РЕК „Битола" и надворешниот соработник д-р Илија Глигоров. Според Кире Здравковски одговорен за заштита и спасување во подружницата РЕК „Битола", обуката траеше два дена, и се вежбаше пружање на прва медицинска помош при настанување на повреди. Исто така се вежбаше и на елементи од непосредна примена на мерките за заштита од пожар и други елементарни непогоди. Во обуката беа вклучени двете универзални единици за заштита и спасување во РЕК „Битола" во јачина на водови, составени од 3 одделенија и 42 припадници или вкупно 84 вработени од ПЕ „Термоелектрани" и ПЕ „Рудници". Тие на основните обуки ги обновија своите знаења и искуства од областа на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи што можат да настанат во текот на работењето на Комбинатот.

J.K.

РЕМОНТИ ВО ТЕ „БИТОЛА“

# ЗАПОЧНА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА КОТЕЛОТ НА ВТОРИОТ БЛОК НА **РЕК „БИТОЛА“**

*-Заедно со редовниот годишен ремонт на блок 2, ќе се реализира и втората фаза од проектот за ревитализација и модернизација на котлите на РЕК „Битола“*

Неодамна започна редовниот годишен ремонт на вториот енергетски блок на ТЕ „Битола“. Заедно со редовните ремонтни активности на блокот, ќе се реализира и втората фаза од проектот за ревитализација и модернизација на котлите во термоелектраната што ќе трае 90 дена. Во термоелектраната се обезбедени сите неопходни услови за непречена реализација на проектот: обезбедена е потребната инсталација и инфраструктура, магацински простор, работно плато и работничка населба за изведувачите. Слично како и проектот за модернизација и автоматизација на енергетските блокови и проектот „Ревитализација и модернизација на котлите во РЕК ‘Битола’ “ се реализира етапно, во времетраење од три години, односно до 2014 година, и секоја година ќе се модернизира котелот на еден енергетски блок. Минатата година ваков зафат беше спроведен на третиот енергетски блок, наредната година се планира зафат и на првиот енергетски блок. Главните придобивки кои се очекуваат од ревитализацијата и модернизацијата на котлите во термоелектраните „Битола“ се зголемување на коефициентот на нивното искористување, поголема енергетска ефикасност, замена на грејните површини и продолжување на векот на експлоатација за најмалку уште 120.000 часови или околу 20 години нормална експлоатација. Се очекува исто така ревитализацијата да обезбеди намалена потрошувачка на топлина на влезот на котелот, што ќе резултира со зголемување на ефикасноста на термоблоковите.



Реализацијата на овој зафат, што опфаќа промена на системот за подготовка на јагленовиот прав, аеросмесата и системот за согорување, ќе обезбеди редукција на емисијата на штетните гасови на азотни оксиди на помалку од 200 кг/м3, посебно при работа со јаглен со променлив до влошен квалитет, што е во целосна согласност со директивата на ЕУ, за заштита на животната средина и емисијата на стакленички гасови. Изведувач на оваа значајна инвестиција на ЕЛЕМ вредна 88,5 милиони евра е реномираната германска компанија „Бабкок Борсиг“ заедно со нејзините подизведувачи од земјата и странство.

J.K.



*На овој начин сите македонски домаќинства, но и индустриските капацитети во иднина ќе може да дојдат до природен енергенс, до гас, што е значајно за економскиот развој на Република Македонија*

*„Јужен тек“ веќе почна да се гради, се очекува до 2015 година да се изгради во морскиот дел меѓу Русија и овој дел на светот, и најдоцна до 2018 година целосно да биде завршен*



# МАКЕД

## И ОФИЦИЈАЛНО

Македонија го потпиша договорот со Руската Федерација за соработка во изградбата на гасоводот „Јужен тек“, со што е остварена стратешка цел за обезбедување енергетска иднина на земјата, јави МИА. Македонија се вклучува со крак, а од каде ќе се гради дали од Србија или Бугарија треба да одлучи „Газпром“. Договорот од македонска страна го потпиша вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески, а од Руската Федерација министерот за енергетика Александар Валентинович Новак. На потпишувањето присуствуваа и претставници на руските енергетски компании „Газпром“ и „Стројтранс гас“.

Договорот, како што е обострано оценето, е добра основа за интензивирање на економската соработка меѓу двете земји.

- По извесен период на преговори и подготовки конечно се потпиша овој договор и тоа е одлична вест за Република Македонија во смисла на обезбедување енергетска стабилност на долг рок, обезбедување доволни количини гас и понатамошен развој на гасната инфраструктура во Македонија, односно продолжување на цевководот до другите градови изјави премиерот Груевски по потпишување на договорот во Москва. Очекува проектот да влијае и на дополнително зајакнување на политичко-економските односи на Република Македонија со Руската Федерација и е резултат на пријателството и позитивниот тренд во билатералната соработка.

Груевски истакна дека во моментов има гасовод само од бугарската граница до Скопје, а сега се создаваат предуслови за понатамошни чекори во правец на изградба на цевковод и разгранување низ другите градови. Посочи дека за тоа се почнати прелиминарни чекори, односно Министерството за транспорт и врски на Владата на Република Македонија склучи договор со компанија која прави физибилити студија за секундарна гасификација што значи гасификација во градовите. Како што посочи, потпишан е и договор за нови огромни количини гас.

- „Јужен поток“ веќе почна да се гради, се очекува до 2015 година да се изгради во морскиот дел меѓу Русија и овој дел на светот, и најдоцна до 2018 година целосно да биде завршен, така што од тој аспект, ова е значаен и голем чекор за Република Македонија - потенцираше Груевски.



Тој најави дека се очекува до октомври да се потпише договорот со „Стројтранс гас“, за што е веќе дадена согласност за текстот на договорот од нивна страна, остануваат уште постапките во министерствата во Владата на Руската Федерација.

- Сега разговаравме и околу тоа со министерот за енергетика и неговите надежи се дека до октомври ќе се потпише и договорот со „Стројтранс гас“, така што тоа ќе значи дека по потпишување на тој договор ќе може да почне градбата на внатрешната инфраструктура, односно мрежа на цевковод за пренос на гас до другите градови во Македонија, истакна



# ОНИЈА

## СТАНА ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „ЈУЖЕН ТЕК“

премиерот Груевски. Овој договор, како што нагласи, претставува еден дел од севкупната градба на гасоводната мрежа во Македонија и е на некој начин исплата на клириншкиот долг на Советскиот Сојуз кон Македонија за да се затвори тоа прашање.

Според него, потпишувањето на договорот е од големо значење, затоа што ги обезбедува новите количини гас за да се гради цевковод за гасна мрежа внатре во земјата.Вицепремиерот Ставрески потенцира дека се успеа во напорите Македонија да се вклучи во овој проект иако на почетокот таа не беше составен дел на „Јужен тек“.

- Се покажа дека работата, залагањето и напорите на Владата вродија со плод и среќен сум што успеавме да го потпишеме овој договор и да започне процесот на гасификација на Република Македонија со условите што се создадени со овој Договор- истакна Ставрески.

Тој додаде дека на тој начин сите македонски домаќинства, но и индустриските капацитети ќе можат во иднина да дојдат до природен енергенс, до гас, што е значајно за економскиот развој на Република Македонија, значајно е за привлекување нови странски инвестиции, но значајно е и за домашните инвеститори, бидејќи, како што додаде, на тој начин ќе се овозможи поголема конкурентност на македонските фирми, на македонското стопанство, а со тоа нови инвестиции и отворање на работни места.

Министерот за енергетика на Руската Федерација Александар Валентинович Новак, истакна дека Руската Федерација ги поздравува постојаните заложби за приклучување на Македонија кон овој проект кој е од исклучително значење како за Руската Федерација, така и за државите од европскиот континент, заложба која резултира со денешното потпишување.

Тој потенцираше дека овој договор е плод на искрените и пријателски односи меѓу двете држави кои демонстрираат одговорност за потребите на граѓаните. Тој истакна дека „Јужен тек“ веќе почна да се гради, а планот предвидува до 2015 година да се изгради морскиот крак под Црното Море до Југоисточна Европа, а до 2018 година тој проект целосно да биде завршен.

По потпишувањето се одржа средба помеѓу претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и министерот за енергетика на Руската Федерација, Александар Валентинович Новак.

ВО РАМКИТЕ НА ОФИЦИЈАЛНАТА ПОСЕТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СЛОВЕНЕЧКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ БОРУТ ПАХОР ЈА ПОСЕТИ **ХЕ „СВЕТА ПЕТКА“**

*Пахор при обиколката на овој енергетски објект беше запознаен со можностите на хидроелектраната и нејзиното значење за домашниот електроенергетски систем*



Словенечкиот претседател Борут Пахор, во рамките на својата официјална посета на Република Македонија ја посети хидроелектраната „Света Петка“. Придружуван од генералниот директор на АД ЕЛЕМ Дејан Бошковски , директорот за производство на АД ЕЛЕМ Димитар Танурков и директорот на ХЕС„Треска“ Миле Славевски, претседателот Пахор при обиколката на овој енергетски објект беше запознаен со можностите на хидроелектраната и нејзиното значење за домашниот електроенергетски систем.



Во изградбата на ХЕ „Света Петка“ учествуваа повеќе словенечки компании, а главен изведувач е „РИКО“ од Љубљана. Најновиот електроенергетски објект во портфолиото на АД „Електрани на Македонија“ што официјално беше вклучен во електроенергетскиот систем во август минатата година е инвестиција вредна 75 милиони евра. Станува збор за еден од најсложените и најспецифични релизирани градежни зафати во Република Македонија.

ХЕ „Св. Петка“ како дел од повеќенаменскиот хидросистем Скопско Поле, потсистем Козјак – Матка, има основна намена да го искористи хидроенергетскиот потенцијал на истечните води од ХЕ„Козјак“ и локалните води од сливот на реката Треска. Оваа акумулација овозможи постојано пререгулирање на дневните истечни води од ХЕ„Козјак“.

Нејзината инсталирана моќност од 36,4 MW и годишното проектирано производство од околу 66 GWh ќе значи дополнително домашно производство на еколошки најприфатлива електрична енергија за околу 40.000 граѓани во Република Македонија. Хидроелектраната е опремена со најмодерна техника и технологија произведена во Словенија и Австрија.



Во изградбата на хидроелектраната искористени се висококвалитетни градежни материјали и најмодерна техника и технологија со што се обезбедува високо технолошко ниво на опременост, минимални трошоци за одржување, сигурен систем и висока стапка на искористеност.



Браната на акумулацијата е висока 64 метри, со волумен од речиси 30.000 m$^3$. Таа е двојно закривена, тенка, лачна брана и како таква е прва и единствена брана од овој тип изградена во Македонија. Ваквиот тип на објект налагаше користење на специјално произведен бетон, со цемент со посебни термички карактеристики и агрегат со специфичен гранулометриски состав.

Во изградбата на хидроелектраната искористени се висококвалитетни градежни материјали и најмодерна техника и технологија со што се обезбедува високо технолошко ниво на опременост, минимални трошоци за одржување, сигурен систем и висока стапка на искористеност.

ИНВЕСТИЦИИ

# ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА АСФАЛТНИОТ ПАТ ОД НОВАЦИ ДО РУДНИЧКИ КРУГ „БРОД-ГНЕОТИНО“





Инвестициската активност со која што ќе се заокружи проектот на отворање на ПК „Брод – Гнеотино“ претставува изградбата на асфалтниот пат од с.Новаци до влезот на рудничкиот круг во ПК „Брод – Гнеотино“. Патот е проектиран со должина од 11 километри, ширина од 6 метри под асфалт и банкини од 75 сантиметри од левата и од десната страна. Со него ќе се поврзуваат населените места Новаци, месноста Ергела, објектите на ЗК „Пелагонија“ – Битола, а постои можност и инфраструктурна изградба на патни пропусти за населените места Балдовенци и Тепавци. Во перспектива, кога ќе заврши надворешното складирање на јаловината во ПК „Брод – Гнеотино“, со доизградба на уште 3 или 4 километри, со патот може да се поврзе и населеното место Брод и да се овозможи прстенесто поврзување со регионалниот пат Битола – Меџитлија. Изградбата на патот започна во мај, во моментов се извршуваат градежните работи на теренот, завршено е обележувањето и исколчувањето на трасата и е поставен тампон во должина од 5 километри. Започна асфалтирањето на првата делница и досега се асфалтирани повеќе од два километри од патот, истакна инженер Круме Стојанов, проект координатор за изградба на патот. Инвеститор на овој проект е АД ЕЛЕМ, изведувачи се конзорциумот на фирмите ГП „Гранит“ од Скопје и ГП „Пелистер“ од Битола, додека надзор на изградбата на патот е ГИ „Македонија“ Скопје. Вкупната инвестициска вредност на проектот е околу 158 милиони денари.

J.К.



## РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ „ПЛАЖА ЕЛЕМ ТУРС ВО ДОЈРАН“

# ЗАПОЧНА ЛЕТНАТА СЕЗОНА ВО **ДОЈРАН**



Ова лето вратите на одморалиштето „Вила-Тиквеш“ се ширум отворени за туристите и за сите гости кои ќе го посетат Стар Дојран. „ЕЛЕМ ТУРС“ посвети сериозно внимание на „Стар Дојран“, комплетно го реновираше одморалиштето „Вила –Тиквеш“ и целосно ја уреди плажата. Одморалиштето „Вила Тиквеш“ сега располага со сместувачки капацитет од шест новоопремени студија, сите со поглед на езерото. Во насока на воведување нови туристички содржини, а од тука и зголемување на економската и туристичката миграција, која меѓудругото ќе резултира и со зголемување на бројот на гости-туристи во текот на целата година АД ЕЛЕМ во 2012 година склучи договор со Министерството за транспорт и врски за краткотраен закуп на земјиште - со намена плажа, за период од пет години. Претседателот на Владата г. Никола Груевски заедно со генералниот директор на АД ЕЛЕМ Дејан Бошковски, директорката на „ЕЛЕМ ТУРС“ Јованка Стојанова и градоначалникот на Општина Дојран Борче Стамов ја посетија новоотворената плажа долж Дојранското крајбрежје. „Радува фактот што во март годинава бројот на туристи во Македонија е зголемен за 7,5 отсто во однос на истиот месец од 2012 година, а бројот на ноќевања порачнал за 10,2 отсто. Тоа се сериозни трендови на зголемување на бројот на туристи и кои не доаѓаат сами со себе, туку се резултат на многуте активности на Владата и на многу работа, ангажман и спроведени проекти за зголемување на туристичката понуда“ истакна премиерот Груевски при посетата на новоотворената плажа на АД ЕЛЕМ.

Плажата „ЕЛЕМ ТУРС“ е лоцирана во непосредна близина на „Вила Тиквеш“, во центарот на Стар Дојран, кој воедно претставува и главен туристички локалитет за тој регион. Плажата се простира на вкупна површина од 1.600 метри квадратни на





копно и површина од 1.700 метри квадратни за активности на вода. За изградбата и уредувањето на овој капацитет, АД ЕЛЕМ инвестираше приближно 26,8 милиони денари, од кои 15 милиони во градежни работи, 10 милиони во опрема за плажата и 1,8 милиони денари за изградба на понтонско пристаниште во должина од 12.5 метри и широчина од 2.4 метри, со висина над водата од половина метар. Со оваа инвестиција на АД ЕЛЕМ, плажата „ЕЛЕМ ТУРС" се вбројува во една од најурбанизираните плажи во Република Македонија и несомнено е најуредената плажа на брегот на Дојранското Езеро. Плажата располага со сопствен шанк, бар и најмодерна музичка опрема, и со капацитет за гости од 80 места за седење и 80 лежалки, за кои што се обезбедени 60 чадори за сонце. За изгледот и квалитетот на плажата „ЕЛЕМ ТУРС" е користен песок со гранулација од 0 до 8, и поради тоа се вбројува во песочна плажа. Песочниот дел што го зафаќа плажата, се простира на површина од 1.000 метри квадратни, а летната тераса, се простира на површина од 400 метри квадратни. Исто така, на плажата има уредено и детско катче.

Дополнително, плажата располага и со сопствен паркинг простор за 35 возила на површина од 220 метри квадратни. Туристичката сезона започна. Стар Дојран очекува повеќе гости од минатата година.

К. Л.



## СЛОВЕНЕЦОТ КИРНЕР ПОБЕДНИК НА ШАРПЛАНИНСКИОТ КУП 2013

# 40. ЈУБИЛЕЈНО ИЗДАНИЕ НА ШАРПЛАНИНСКИОТ КУП

Миха Кирнер од Словенија е севкупен победник на јубилејното 40.издание на Шарпланинскиот куп што се одржа на Попова Шапка, откако триумфираше во слаломот што се возеше на патеката Езерино и заедно со второто место освоено во велеслалом ја понесе овогодинешната титула.

Второто место севкупно го освои неговиот сонародник Матиц Скубе, кој беше победник во велеслалом, а третото место го освои Никола Чонгаров од Бугарија.

- Се заблагодарувам за добрата организација на двете трки што се одржаа во многу тешки временски услови. Задоволен сум од победата и од тоа што го добив шарпланинецот Шарко и се надевам дека ќе се вратам и за следните трки тука на Шапка- рече Кирнер. Од македонските натпреварувачи Дардан Дехари беше на 12. место, а Антонио Ристовски заврши на 13. место.

Според техничкиот директор на трката, поранешната словенечка скијачка легенда Бојан Крижај, во овие четири години организацијата постојано напредува.

- Секоја година е се полесно поради искуствата што ги собираме заедно. Се надевам дека 41.издание на Шарпланинскиот куп ќе биде уште подобро- додаде Крижај.

Претседателот на организацискиот одбор, Димитар Танурков изјави дека организацискиот одбор покажал дека се максимално подготвени, бидејќи во екстремно тешки временски услови успеале да ги организираат и да ги завршат велеслаломските и слаломските трки кои почнувале навреме според програмата.









- На моја особена радост, Шарпланинскиот куп годинава го прославува своето 40-то јубилејно издание, играјќи голема улога во популаризацијата на овој спорт, со години наназад, обединувајќи врвни скијачки имиња и овозможувајќи одлични натпревари на патеките на Попова Шапка. Се трудиме да обезбедиме најдобри услови за квалитетен натпревар, земајќи ги предвид искуствата и укажувањата од експертите од минатите години. Се надеваме на продолжување на традицијата на купот уште долги години, изјави претседателот на организацискиот одбор- Танурков.

Учесниците се натпреваруваа во две трки во машка конкуренција - велеслалом и слалом, на патеките Орлова и Езерино на Попова Шапка. Победникот на Шарпланинскиот куп, традиционално, покрај паричната награда доби и шарпланинче на подарок. Ова натпреварување и годинава беше под покровителство на Владата на Република Македонија, а генерален спонзор беше нашата компанија, АД „Електрани на Македонија".

Со цел да се искористи потенцијалот на Попова Шапка, АД ЕЛЕМ изработи мастер план за инвестиции во овој туристички центар што го усвои Владата, со што се создаваат услови од идната година Шарпланинскиот куп повторно да се кандидира за натпревар за Европскиот куп, а Македонија да биде на мапата на важните интернационални спортски збиднувања.

СО ПОДДРШКА НА АД ЕЛЕМ

# ИЛИНА АРСОВА СЕ ИСКАЧИ НА МОНТ ЕВЕРЕСТ

Триесетгодишната Илина Арсова е првата жена Македонка која го развиори македонското знаме на Монт Еверест, највисокиот врв на светот. Искачувањето на овој врв од жени е реткост, па затоа, овој подвиг на Илина Арсова е документиран и од филмска екипа.

Арсова е првата жена од Македонија која минатата година се искачи на Матерхорн (4.587 метри) по насоката Лавовски гребен, а во досегашната кариера се искачи и на врвовите Ама Даблам (6.856 метри) и Аконкагва (6.963 метри), што во моментов е највисок дострел од страна на жена Македонка кога е во прашање високогорското планинарење. Илина за Монт Еверест се подготвуваше долго време, но експедицијата „Прва Македонка на Монт Еверест" три години се одложуваше заради недостиг од финансиски средства. АД ЕЛЕМ како општествено одговорна компанија, спроведувајќи ја доследно усвоената Декларација за општествена одговорност, како поддржувач на спортот, со голем ентузијазам и почит за талентот на младата алпинистка финансиски ја помогна Илина да го оствари својот сон. Илина е ликовен уметник, а љубовта кон планинарењето ја стекнала како дете. Честитките за успехот се уште пристигнуваат. Сите ние во Македонија ја споделуваме нејзината радост и сме горди на неа. Нејзиниот личен успех претставува успех за целата држава и мотив за сите млади луѓе и сите спортисти дека нема несовладлива пречка, доколку постои посветеност, упорност и работа.






АД ЕЛЕМ изрази целосна поддршка на проектот „Прва македонска жена на Монт Еверест", посакувајќи и многу среќа и успех на Илина Арсова и нејзината експедиција, непосредно пред заминувањето на Хималаите. Нашата компанија и во иднина ќе ја дава својата поддршка на сите млади луѓе со цел постигнување на вакви успеси кои претставуваат поттик и позитивен пример за младите генерации и придонесуваат за афирмација на Република Македонија.

К. Л.

# ОТВОРЕН ПРВИОТ АРХЕОЛОШКИ ПАРК ВО МАКЕДОНИЈА – „АРХЕОПАРК БРАЗДА"

На падините на Скопска Црна Гора во с. Бразда, општина Чучер – Сандево се отвори првиот археолошки парк во Македонија „Археопарк Бразда". Проектот го реализираше здружението „Археологика" со поддршка на АД ЕЛЕМ. Целта на овој проект е да се заштити и промовира културното наследство на Република Македонија, да се заштити природата што не опкружува и со тоа да креира нова туристичка атракција – археопарк во непосредна близина на главниот град. Долги години од неговото откривање, локалитетот Градиште с. Бразда, беше недостапен за посетители, а многуте случајни и намерни минувачи немаа можност да се информираат за особеностите на ова значајно културно наследство. „Во текот на изминативе неколку месеци, преземавме активности за средување на овој локалитет: целата дива вегетација и ѓубре беа отстранети, внатрешноста на гробницата беше исчистена, платото пред гробницата беше нивелирано, се изгради пристапна патека со два моста, се исчисти речното корито од ѓубре, се постави информативна табла и патокази и се изработи веб-страница за паркот. Сите материјали што ги користевме за уредување на овој парк се природни и не отскокнуваат од природната средина со што направивме синергија помеѓу културното наследство и природата.



Веќе реализираното е само дел од целокупното идејно решение за овој археопарк. Се надеваме дека ќе бидеме во можност целосно да го имплементираме." – изјави Радомир Ивановиќ, претседател на Здружението „Археологика".

К. Л.








ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

ЕНЕРГИЈАТА НА НАШАТА ЗЕМЈА

www.elem.com.mk



